**20200901354**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10. 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА МОБИЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ И УРЕДИТЕ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/18), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За дневното и неделното време на управување со возило, вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели, паузите, дневниот и неделниот одмор, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Дневното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 11 часа.

Неделното време на управување со возило, за време на траење на вонредната состојба трае 60 часа.

Вкупното време на управување со возило во текот на кои било две последователни недели, за време на траење на вонредната состојба трае 100 часа.

За време на траење на вонредната состојба по пет и пол часа управување со возилото, возачот е должен да направи пауза од најмалку 45 минути.

Редовниот дневен одмор, за време на траење на вонредната состојба трае 9 часа.

Неделниот одмор за време на траење на вонредната состојба започнува најдоцна по истек на десет 24 часовни периоди од крајот на претходниот неделен одмор.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2818/1
3 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.